# Проектна политика за здравје, сигурност и безбедност

*Визија: Тхор Импекс е посветен на развојот на обновлива енергија од ветер на начин што ги поддржува здравјето, сигурноста и безбедноста на сите свои вработени и оние кои работат на неговиот проект.*

Клучни обврски: При развојот на овој проект Тхор Импекс (и неговите добавувачи[1]) ќе се стреми:

- Да се усогласи со сите законски и регулаторни барања во Република Северна Македонија и барањата на добрата меѓународна пракса во индустријата.
- Да демонстрира адекватен систем за управување со здравјето и безбедноста заради заштита на здравјето и безбедноста во однос на развојот, изведбата и затворањето на проектот.
- Да ги воспостави сите разумни мерки за да се обезбеди контрола врз ризиците по здравјето, сигурноста и безбедноста на вработените или другите лица кои можат да бидат засегнати од работните активности.
- Да се консултира со вработените за прашања што влијаат на здравјето и безбедноста.
- Да обезбеди и ги одржува во безбедна состојба постројките и опремата.
- Да обезбеди безбедно ракување и употреба на супстанции.
- Да обезбеди дека сите вработени ги добиле информациите, упатствата и соодветен надзор при вршењето на работите.
- Да осигура дека сите вработени се компетентни да ги извршуваат своите задачи и/или да обезбеди соодветна обука за истите.
- Да воспостави механизми и постапки за да се спречат незгоди и влошување на здравјето поврзани со работите, вклучувајќу обезбедување опрема за лична заштита (ХТЗ).
- Да одржува безбедни и здрави услови за работа.
- Да воспостави и спроведе механизам за поплаки на работниците.
- Да ја прегледува и ревидира оваа политика во зависност од потребите и во редовни интервали.

## Одговорност:

Севкупната и крајната одговорност за здравјето, сигурноста и безбедноста е на директорот на проектот.

Директорот на проектот е одговорен за соодветна комуникација на политиката за здравје, сигурност и безбедност со сите добавувачи и да го надгледува ефективното спроведување на мерките за здравје, сигурност и безбедност од страна на сите добавувачи.

Секојдневната одговорност дека оваа политика ќе биде применета во пракса е делегирана на релевантните добавувачи.

Сите вработени во Тхор Импекс и неговите добавувачи се должни:

[1] Добавувачите се дефинирани како главниот изведувач и неговиот персонал, подизведувачите и нивните вработени, ангажираните работници (долгорочно, краткорочно или повремено); консултантите подизведувачи и синџирот на набавки на изведувачот.

- да соработуваат со надзорот и раководителите за здравствени и безбедносни прашања
- да не ги попречуваат сите предвидени активности за заштита на нивното здравје и безбедност
- да се грижат во разумна мерка за сопственото здравје и безбедност
- да ги пријават сите проблеми во однос на здравјето и безбедноста на соодветно лице (како што е детално наведено во оваа политика).

Сите вработени кои работат на проектот мора да бидат посветени на барањата наведени во „Кодексот за однесување на работниците" на Тхор Импекс.

Од целокупниот персонал за безбедност што работи на проектот се бара да биде посветен на барањата од Кодексот на однесување на Тхор Импекс за безбедносниот персонал.

| | |
|---|---|
| **Одобрено на:** 14/6/21 | **Б. Лазаревски**<br>**директор на проектот**<br>**Тхор Импекс доол** |

Друштво за трговија и услуги ТХОР ИМПЕКС СКОПЈЕ експорт-импорт ДОО